ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Примено 29.10.2025
Орг.јед. | Број | Прилог | Вредност

ДО:

Совет на Општина Гевгелија
ул. Димитар Влахов бр.4
1480 Гевгелија

ОД:

Здружение на граѓани Регионален центар за одржлив развој Гевгелија
Маршал Тито бр.60 1480 Гевгелија
078853363 маил: rcorgvg@gmail.com

ПРЕДМЕТ:

Барање за разгледување на иницијатива за донесување локална стратегија и воспоставување Центар за привремено сместување на жртви на семејно насилство во Општина Гевгелија

Почитувани,

Во согласност со Законот за локална самоуправа и стратешките цели на Општина Гевгелија за унапредување на социјалната заштита и човековите права, поднесуваме иницијатива за разгледување на можноста за **донесување локална стратегија и воспоставување Центар за привремено сместување на жртви на семејно насилство**, со активно вклучување на претставници од граѓанскиот сектор и стручната јавност.

О б р а з л о ж е н и е :

Анализа на тековната состојба:
Во Општина Гевгелија постои зголемен број пријави за семејно насилство, додека системската поддршка за жртвите останува ограничена. Недостасува безбедно место за итно сместување на жртви, особено жени и деца, кои често се принудени да останат во опасна средина поради недостапност на соодветни ресурси.

Потреби на целната група:
Жртвите на семејно насилство имаат потреба од итен, безбеден и доверлив простор каде ќе добијат психосоцијална, правна и медицинска поддршка, како и пристап до програми за рехабилитација и реинтеграција.

Придобивки од координирано делување:
Воспоставувањето на ваков Центар, во партнерство со граѓански организации, стручњаци и локалната самоуправа, ќе придонесе кон:

- намалување на насилството во заедницата,
- јакнење на механизмите за заштитаа
- унапредување на квалитетот на животот на жртвите,
- подобра институционална координација и одговор.

Вклучување на граѓанскиот сектор и стручната јавност:
Планира се воспоставување работна група составена од претставници на граѓански организации, социјални служби, полиција, здравствени установи и локални експерти, со цел подготовка на предлог-стратегија и план за акција.

Предлог-активности:

Изработка на локална стратегија за заштита на жртви на семејно насилство;

Идентификување локација и ресурси за привремен Центар;

Формирање на мултисекторска работна група;

Обезбедување обука и континуирана поддршка за вработените во Центарот.

Ве замолуваме оваа иницијатива да биде ставена **на дневен ред на наредната седница на Советот на Општина Гевгелија**, со цел формално разгледување и донесување заклучоци за следните чекори. Оваа иницијатива е дел од локална медиумска платформа **Локал Актив**, наменета за информирање на локалните заедници за Источрн и Југоисточен регион, дел од проектот „**Поттикнување на граѓанскиот ангажман на локално владеење**„ финансиран од национален фонд за демократија од САД.

Со почит,

Регионален центар за одржлив развој Гевгелија